**НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Web: nkeu.mk**

**Втор циклус на Работната група 2 – Социјална политика и вработување (Поглавје 19)**

***Тема:*** **„Правните механизми за регулирање на работните односи во услови на пандемија предизвикана од КОВИД 19: лекции што ги научивме и лекции што треба да се научат“**

***Скопје, 27.01.2021 година***

## ПРЕПОРАКИ

1. Во *Законот за работни односи*, во *Законот за административните службеници*, како и во другите релевантни закони, потребно е да бидат конкретно дефинирани флексибилните форми на вработување (работа дома, кој може да работи дома, работа на интернет, условите за работа дома, инспекцискиот надзор, безбедноста и здравјето при работа дома со аспектот, работното време и начинот на проверка на работните задачи).
2. До завршување на процесот на нормативно уредување на флексибилните форми на вработување им се препорачува на работодавачите да донесат два вида на акти: **Правилник** (посебен) за вршење на работа дома и **Анекс на договорите за вработување** на оние вработени кои моментално работат дома.
3. МТСП да ја разгледа можноста за изготвување на нова легислатива во доменот на *безбедност и здравје при работа* (или најмалку со законски измени и дополнувања на постоечкиот) чија цел е легитимирање и справување со новите професионални ризици и препознавање на Сарс-Ков 19 како ризик на работното место.
4. МТСП во соработка со социјалните партнери и други чинители да подготви Правилник во кој ќе бидат прецизирани и издвоени занимањата (работните места) кои се извршуваат во животно загрозувачки услови (пандемија и слични ризици) и за нив да се предвидат посебни заштитни мерки, посебен режим на работа и дополнителни награди.
5. МТСП да ја подржи иницијативата на релевантните чинители (граѓански здруженија, синдикати и други) во воспоставување на единствен систем на евиденција на повреди и професионални заболувања на работното (единствен регистар).
6. МТСП и Министерството за здравство во своето дејствување да го истакнат како посебно значаен превентивниот пристап, наместо интервентниот (заштита наместо лечење на болести).
7. МТСП да ја разгледа можноста за изготвување на законска регулатива која прецизно ќе го дефинира контекстот кога работата мора да престане поради состојба на *виша сила* и вонредна состојба (ничија вина) и во која интегрално и директно ќе ги бидат дефинирани улогите на релевантните чинители, особено улогите на органите на власта, со цел да се обезбеди координација на активностите во ублажувањето на последиците.
8. Бидејќи *работата од дома* предизвикува дополнителни трошоци за вработените во Законот за работни односи да се предвиди покривање на трошоците поврзани со извршување на работата од

дома (функционирање, одржување и поправка на опремата за работа од дома, одржување на работен простор во домот, посебни инсталации и друго)

9. МТСП да ја разгледа можноста за носење на законски решенија во Законот за работни односи со цел да се подобрат условите за имплементација на политиките за семејно-работна рамнотежа.
10. Препорака до Владата за носење на законски решенија со кои ќе постои обврска кај работодавачите (претпријатија, државна администрација, образовни институции) за спроведување на обуки за усвојување на напредна комуникациска технологија неопходни во реализација на работните обврски во услови на пандемија со што би се сочувале работните места.